**20240911776**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19 и 39/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 април 2024 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА(*)

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20, 281/20, 4/21, 53/21, 135/21, 197/21, 292/21, 78/22, 188/22, 218/22, 25/23, 74/23, 166/23, 202/23 и 275/23), во членот 1 во ставот (2) бројот „47“ се брише, по бројот „492“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 493, се додаваат седум нови Прилози 494, 495, 496, 497, 498, 499 и 500, кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Прилогот 47 се брише.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-2799/5 | Претседател на Владата |
| 9 април 2024 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери/Talat Xhaferi,** с.р. |

---

(*) Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр.32023R2217, CELEX бр.32023R2218, CELEX бр.32023R2451, CELEX бр.32023R2489, CELEX бр.32023R2490, CELEX бр.32023R2491, CELEX бр.32023R2519 и CELEX бр.32023R2656.

**Прилог 494**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 2218/2023** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Зрна од агароза хемиски модифицирани со 10 % по маса на протеин А. Зрната се чуваат во воден пуфер за складирање, кој содржи 40-60 % по маса зрна.<br><br>Производот се користи како смола во афинитетна хроматографија. Дејствува како селективен медиум за филтрирање во специфични процеси за изолирање на антитела, на пример, моноклонални антитела.<br><br>Полимерните синџири на агарозата се високо вмрежени за да формираат цврста матрица за која молекулите на рекомбинантниот протеин А се ковалентно врзани.<br><br>Производот е спакуван во контејнери од 50 литри. | **3913 90 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешките 5 и 6(а) од Глава 39 и наименуванијата на тар.број 3913 и тар. подброј 3913 90 00.<br><br>Проиводот влегува во интеракција со антителата но не содржи антитела. Протеинот А не е имунолошки производ, зашто не е директно вклучен во регулацијата на имунолошките процеси дефинирани со забелешка 2 од Глава 30. Затоа распоредувањето на агароза хемиски модификувана со протеин А во тар. број 3002 е исключено.<br><br>Производот е хемиски модификуван полимер дефиниран со Забелешка 5 од Глава 39 и Коментарски забелешки на ХС за Глава 39, Општи одредби, дел „Полимери", трет став. Оттука, производот не може да се распореди во тар. број 3504, како други протеински супстанции и нивни деривати на друго место неспомнати ниту опфатени (види Коментарски забелешки на ХС за тар. број 3504, точка (Б), прв параграф).<br><br>Производот е во форма на дисперзија (суспензија) која е примарна форма во смисла на Забелешка 6 (а) кон Глава 39. Затоа е опфатен со наименуванието на тар. број 3913 како модифициран природен полимер во примарни форми. Распоредувањето во тар. број 3926 како други производи од пластика и производи од други материјали од тар. тар. 3901 до 3914 е исключено.<br><br>Оттука, производот треба да се распореди во тар. подброј 3913 90 00 како други природни полимери и модифицирани природни полимери, неспомнати или опфатени на друго место, во примарни форми. |

**Прилог 495**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 2451/2023** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Обувки со горен дел од текстилна ткаенина (100% памук). Ленти (со ширина околу 5 мм) од иста текстилна ткаенина се зашиени околу стапалото и по должината на предниот отвор, како и под дупчињата (отворите) исто така. Од внатрешната страна, пришивањето на овие ленти фиксира уште една лента што ги зајакнува отворените дупчиња. На двете страни на обувката две вертикални ленти (приближно 5 mm широки) се зашиени на горниот материјал од дупчињата до ѓонот.<br><br>Обувките имаат гумен ѓон (дебелина приближно 2 cm). Делот од ѓонот што доаѓа во контакт со земјата има рамномерно структурирана површина што не се лизга. На страната на гумениот ѓон е прикачена гумена лента од приближно 3 cm и приближно 1 cm од оваа лента се преклопува со горниот дел од текстилот околу обувките. Обувките имаат врвки како систем за затворање<br><br>(*) Види фотографија<br> | **6404 19 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 (а) и (б) и Дополнителна забелешка 1 од Глава 64 и наименуванијата на тар.број 6404 и тар. подброј 6404 19 и 6404 19 90.<br><br>Распоредувањето во тар. подброј 6404 11 00 како обувки за тенис, кошарка, за теретана, вежбање и слично е исклучено, зашто обувките не се дизајнирани за било која од овие спортски активности ниту се дизајнирани за спортски активности слични на тенис, кошарка, за теретана или вежбање. Вакви спортски активности бараат трчање, скокање, брзи движења со вртење и нагли застанувања. Затоа ѓонот на обувките дизајнирани за такви активности мора да поседува карактеристики за абсорбирање ублажување ударите од такви движења или поинаку адаптирани на специфични спортски активности. Такви карактеристики би можеле да бидат, на пример, воздушни перничиња, посебно на петата од обувката за абсорбирање на ударот. Меѓутоа, ѓонот на обувките немаат такви карактеристики.<br>Покрај тоа, надворешниот ѓон нема карактеристики за потпора и поддршка на движења специфични за некои спортски активности. На пример, надворешниот ѓон нема типична структура (надворешната шара на ѓонот) на тениски обувки за поддршка на вртливи движења типични за тенис. Тоа е повеќе како надворешен ѓон против лизгање дизајниран за пешачење. Покрај тоа и горништето не е ниту зајакнато ниту обложено за да обезбеди стабилност на стапалото и рамнотежа при трчање, скокање или брзо застанување. Двете вертикални ленти (приближно 5 мм широки) пришиени од двете страни на обувките и делот од гумената лента преку горниот дел поблиску до ѓонот не го зајакнуваат доволно горниот дел (горништето). |

| | | |
|---|---|---|
| | | Оттука, и покрај врвките и ѓонот против лизгање, производот е дизајниран како обувки за слободни активности за пешачење.<br><br>(Види став од 3 до 7 од Коментар на КН за тар. подброј 6404 11 00).<br><br>Производот оттука треба да се распореди во тар. подброј 6404 19 90 како други обувки со надворешен<br>ѓон од гума и горниште од текстилен материјал. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 496**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр.<br>2489/2023** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сечила, изработени од нерѓосувачки челик, со ширина од 40 mm, со странични засеци и дупка во центарот. Сечилата се претставени во пакувања од по 10 парчиња.<br><br>Сечилата се дизајнирани како резервни сечила за стругалки за стакло.<br><br>Стаклените стругалки се рачни алатки кои се користат во различни примени, вклучително сечење, стругање и отстранување на супстанции како што се боја, лепило, етикети, налепници и нечистотија од површини како што се прозорци, ѕидови, плочки, подови, работни површини, стакло и печки. Врз основа на нивните карактеристики, стругалките за стакло може да се користат во домаќинството или од професионалци (на пример, професионални сликари).<br><br>(*) Види фотографија<br><br> | **8205 51 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XV, Забелешка 1 (а) и 2 од Глава 82 и наименуванијата на тар.број 8205 и тар. подброј 8205 51 00.<br><br>Со оглед на нивните објективни карактеристики, резервните сечила се препознаваат како дизајнирани за стругалки за стакло (рачен алат од тар. број 8205).Врз основа на забелешката 2 кон Глава 82 деловите од прости метали на производите од оваа глава треба да се распоредат со производите чии делови се тие.<br><br>Стругалките за стакло може да се користат во различни примени, и во домаќинството и од професионалци. Стаклените стругалки не ги надминуваат барањата за домашна употреба. Наименуванието на тар. подброј 8205 51 00 е во целост исполнето.<br><br>Затоа, резервните сечила се распоредуваат во тар.подброј 8205 51 00 како делови на алат за домаќинство. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 497**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 2490/2023** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Филтер за размена на топлина и влага (HMEF), кој се состои од пластично куќиште опремено со два конектори од 22 mm и еден луер-лок приклучок за заклучување. Филтерот HMEF исто така содржи и материјал за филтрирање направен од стаклени влакна. Има компресивен волумен од 65 мл и тежина од 43 грама. Производот ги има следните функции:<br><br>— филтрација со висока ефикасност,<br><br>— леснотија на дишење поради мала отпорност на проток на воздух,<br><br>— спречување од загубата на топлина и влага.<br><br>Производот е дизајниран да се монтира на конекторот за влез на воздух на пациентот (на пример, маска за лице) на едниот крај и да се поврзе преку цевки со апаратот за анестезија или апарати за вештачко дишење на другиот крај. Дизајниран е за употреба во интензивна нега или за време на анестезија, за да обезбеди бариера против преминувањето на вирусите и да го загрее и навлажнува воздухот што го вдишува пациентот.<br><br>(*) Види фотографија<br> | **9033 00 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (в) од Глава 90 и наименуванијата на тар. подброј 90 33 00 и 9033 00 90. Иако производот ги заменува функциите на носот, бидејќи служи за навлажнување, затоплување и филтрирање на вдишениот воздух, распоредувањето во тар. број 9021 е исклучена зашто истиот не се смета за уред кој се носи или е вграден во телото за да се компензира дефект или инвалидитет.<br><br>Производот не е ниту апарат за филтрирање од тар. број 8421, бидејќи неговата функција за загревање и навлажнување го надминува опфатот на тар. број, ниту апарат за анестезија од тар. број 9018 или апарат за вештачко дишење од тар.број 9019, бидејќи не може да се користи самостојно, како самостоен уред. Производот е изменлив дел дизајниран да го прилагоди апаратот за анестезија или вештачко дишење на кој е поврзан, за одредена операција, или да го зголеми опсегот на операции или да изврши одредена услуга во однос на главната функција на апаратот. Затоа се смета за додаток на апарати за анестезија од тар. број 9018, или од апарати за вештачко дишење од тар. број 9019. (Види исто CJEU Case C-276/00, Turbon International GmbH, paragrapSH 12 and 32 and Case C-152/10, Unomendical, paragrapSH 29-34).<br><br>Оттука, производот треба да се распореди според Забелешка 2 од Глава 90. Имајќи предвид дека не е стока вклучена во специфичен тар. број и дека покрај тоа не е погоден само или главно за одреден апарат или група апарати од истиот тар. број, ќе се распореди во тар. број 9033, со примена на Забелешката 2 (в) од Глава 90.<br><br>Затоа, производот треба да се распореди во тар. подброј 9033 00 90, како други додатоци (не наведени или вклучени на друго место во оваа Глава) за машини, апарати, инструменти или апарати од Глава 90. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 498**

<table>
<tr><th>Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 2491/2023</th><th>Распоредување<br>(Тар. ознака)</th><th>Основ за распоредување</th></tr>
<tr><td>(1)</td><td>(2)</td><td>(3)</td></tr>
<tr><td>Таканаречен „комплет за влогирање со прстенеста светлина” изработен од пластика, кој се состои од следните компоненти:<br><br>— LED прстенести светилка со надворешен дијаметар од приближно 25 cm,<br><br>— статив троножен (трипод) со топчест зглоб, опремен со универзален, флексибилен држач клип за прицврстување паметен телефон,<br><br>— напојување преку USB,<br><br>— вградена контрола опремена со копче за вклучување/исклучување, за прилагодување на осветленоста и температурата на бојата на светлото,<br><br>— Bluetooth контролер за безжична контрола на паметниот телефон.<br><br>Стативот со телефонскиот клип е дизајниран да држи паметен телефон и да обезбеди стабилност на камерата на паметниот телефон на саканата позиција. Прстенестата светилка обезбедува оптимално осветлување со прилагодување на осветленоста и температурата на бојата на светлината и со спречување на сенки на човечките лица.<br><br>Производот се користи за поставување блогови за да се постигнат оптимални перформанси при правење видеа, преноси и селфи.<br><br>(*) Види фотографија<br><br></td><td>9620 00 91</td><td>Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименуванијата на тар. подброј 9620 00 и 9620 00 91.<br><br>Производот е композитна стока, во смисол на ОП 3 (б) која се состои од различни компоненти кои се прилагодени една на друга и меѓусебно се надополнуваат за да формираат целина. Во согласност со тоа правило, треба да се распореди како да се состои од компонента која му дава суштински карактер на производот. (Види Коментар на ХС за ОП3 (б), (IX).)<br><br>Главните компоненти на производот, имено стативот распореден во тар. број 9620 и прстенестата светилка распоредена во тар. Број 9405, се наменети да се користат заедно за да се оптимизираат перформансите на блогирањето. Стабилноста што ја обезбедува стативот и осветлувањето што го обезбедува прстенеста ламба се од еднаква важност во однос на активноста на блогирање. Затоа не е можно да се одреди компонентата која му дава суштински карактер на производот.<br><br>Оттука, производот треба да се распореди со примена на ОП 3 (в), во тар. број кој се јавува последен по нумерички редослед меѓу оние кои подеднакво заслужуваат да се земат предвид. Затоа, производот треба да се распореди во тар. подброј 9620 00 91, како трипод од пластика.</td></tr>
<tr><td colspan="3">(*) Фотографијата е само од информативен карактер</td></tr>
</table>

**Прилог 499**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 2519/2023 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Радијатор, со димензии од приближно 520 × 700 × 3 500 mm, кој се состои од 2 до 32 (во зависност од моделот) правоаголни панели изработени од поцинкуван лим со жлебна конструкција, површински заварени еден на друг.<br><br>Дизајниран е да се монтира на енергетски трансформатор потопен во масло, со цел да се лади изолационото трансформаторско масло додека тече низ радијаторот. Со пренесување на вишокот топлина во воздухот, радијаторот спречува прегревање на трансформаторот.<br><br>Радијаторот е опремен со прирабнички влез (се наоѓа на врвот) и прирабнички излез (се наоѓа на дното) кои се поврзани (со помош на завртки и заптивки) на соодветниот излез и влез на трансформаторот.<br><br>Ладењето може или не мора да биде потпомогнато од вентилатори за ладење (за побрз проток на воздух) и/или со пумпи за ладење (за побрза циркулација на маслото) според индивидуалните барања. Пумпите и вентилаторите не се присутни при увозот<br><br>(*) Види фотографија<br> | **8504 90 17** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (б) од Оддел XVI и наименувањата на тар. број 8504 и тар. подброј 8504 90 и 8504 90 17.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8419 како опрема за обработка на материјали со процес кој вклучува промена на температурата е исклучено, бидејќи овој тарифен број не ги опфаќа уредите што вклучуваат само размена на температурата со околниот воздух. Вишокот на топлина на изолационото масло што тече низ радијаторот едноставно се расфрла низ ѕидовите на радијаторот во околниот воздух. (Види исто така мислење за класификација во хармонизиран систем 8431 .49/2.).<br><br>Со оглед на неговите објективни карактеристики и својства, односно неговата конструкција, димензии и положба на влезот и излезот, радијаторот е погоден за употреба исклучиво или главно со електричен трансформатор од тар. број 8504, за ладење и одржување на работната температура на трансформаторот. Радијаторот е од суштинско значење за правилно функционирање на трансформаторот (спречување од прегревање).<br><br>Затоа, радијаторот треба да се распореди во тар. подброј 8504 90 17 како други делови на трансформатори и индуктори. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 500**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 2656/2023** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Мултифункционален апарат во куќиште со предни контролни копчиња, кој се вградува во контролната табла на моторно возило. Апаратот се состои од следново:<br><br>— дисплеј со течни кристали (LCD) со екран на допир со димензии на дијагонала од 17,15 cm (6,75 инчи),<br><br>— две USB порти,<br><br>— Bluetooth модул,<br><br>— дигитален радио тјунер (DAB+),<br><br>— тјунер на FM радио податочен систем со висока чувствителност, — процесор за аудио дигитален сигнал кој обезбедува напредни функции за поставување аудио, — RCA A/V влез за два системи на камери, кој ги поврзува камерите инсталирани во автомобил (задниот дел и/или преден поглед),<br><br>— влез за HDMI за компатибилни уреди како таблети,<br><br>— слот за читач на microSD картички за репродукција на A/V датотеки од мемориски картички microSD(HC),<br><br>— 24 битен D/A конвертор,<br><br>— A /V декодер.<br><br>Апаратот не вклучува видео тјунер.<br><br>Апаратот е дизајниран за:<br><br>— примање радио сигнали во опсегот DAB и FM,<br><br>— репродукција на музика и видео фајлови од поврзаниот апарат и медиум за складирање, — контролирање и ракување со различни апликации на поврзаните уреди (како што е преглед на мапи),<br><br>— овозможување телефонски повици без користење раце (hands-free) и овозможување испраќање и примање пораки од поврзаниот паметен телефон,<br><br>— прикажување сигнали од камерите инсталирани во автомобилот. | **8528 52 91** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, наименуванијата на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 52 и 8528 52 91.<br><br>Апаратот е дизајниран за да врши функции како што се репродукција на звук во смисол на опсегот на тар. број 8519, приемен апарат за радио-емитување во смисла на тар. број 8527 и функција на монитор во смисла на тар. број 8528, и притоа ниедна од наведените, во поглед на тоа како е конструиран, не му дава на апаратот суштински карактер.<br><br>Бидејќи е мултифункционален апарат на кој не може да му се одреди главната функција, затоа треба да се распореди во тар. број 8528 со примена на ОП 3(в).<br><br>Апаратот е со можност директно да се поврзе и дизајниран за употреба со, автоматска машина за обработка на податоци од тар. број 8471.Во Коментарските објаснувања на ХС за тар. број 8528 се наведува дека оваа група вклучува монитори кои имаат можност да примаат сигнал од централниот процесор на машина за автоматска обработка на податоци и кои овозможуваат графички приказ на процесираните податоци. Тие немаат вграден видео тјунер. Мониторите од оваа група се опремени со конектори карактеристични за системите за обработка на податоци (на пр. HDMI конектори), тие обично имаат контролни копчиња сместени на предниот панел и тие можат да користат протокол за безжична комуникација за прикажување податоци од машина за автоматска обработка на податоци од тар. 8471.<br><br>Со оглед на неговите објективни карактеристики, екранот на апаратот не може да се смета дека е од вид кој единствено или главно се користи во систем за автоматска обработка на податоци од тар. број 8471. Затоа распоредувањето во тар. подброј 8528 52 10 е исклучено.<br><br>Оттука, апаратот треба да се распореди во тар. подброј 8528 52 91 како други монитори погодни за директно да се поврзат и изработени за употреба со автоматска машина за обработка на податоци од тар. број 8471, со екран со течно кристален дисплеј (LCD) технологија. |